## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „БЕЗБЕДНОСТ ВО ЈАВНИОТ СООБРАЌАЈ ПРИ ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ТРАКТОРИТЕ“ ОД Д-Р ЗОРАН ДИМИТРОВСКИ, МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Машински факултет бр. 2202-4518 од 21.2.2018 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ристо Кукутанов, редовен професор на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и
- д-р Сашко Димитров, доцент на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

со задача да изготват и достават писмен извештај–рецензија на ракописот за учебник „БЕЗБЕДНОСТ ВО СООБРАЌАЈОТ ПРИ ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ТРАКТОРИТЕ“, поднесен од авторот д-р Зоран Димитровски од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентите, по добивањето и деталното прегледување на материјалот, го поднесоа следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот е „Безбедност во сообраќајот при експлоатација на тракторите”, а предметот Безбедност во сообраќајот, на студиската програма Транспорт, организација и логистика се слуша во VII семестар како изборен предмет, со фонд на часови 2+1+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Безбедност во сообраќајот и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за кој е наменет. Дел од материјалот во овој ракопис е наменет за предметот Механизација, кој како задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+1 ќе се слуша според новата наставна програма Производно машинство во VIII семестар.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 160 страници, $A_4$ формат со нормален проред, со 12 тематски поглавја и повеќе потпоглавја, а содржи 58 табели и 27 слики. Обемот на ракописот по содржина целосно ги исполнува критериумите според бројот на часовите и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов за студиската програма досега не е објавен, така што постои реална потреба за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината**: Во учебникот се опишани причините и последиците од сообраќајните несреќи со тракторите на јавните патишта и надвор од нив. На крајот се дадени предлог-мерки за зголемување на безбедноста при експлоатација на тракторите и намалување на бројот на несреќи во сообраќајот на јавните патишта.

Во првото поглавје е опишана употребата на тракторите во јавниот сообраќај поточно транспортот и неговато значење за земјоделското производство како погонска единица агрегатирана со приклучната механизација. Исто така, дадени се општи податоци за несреќите со трактори во јавниот сообраќај.

Во второто поглавје се објаснети факторите кои влијаат на стабилноста на тракторско-машинскиот агрегат. Прикажана е статичката и динамичката стабилност на тракторот, надолжната и напречната стабилност, како и факторите кои влијаат за да се одржи во стабилна состојба тракторот при експлоатација во различни услови на работа.

Во третото поглавје е дадена законската регулатива од Законот за безбедност во сообраќајот, кој се однесува на тракторите во поглед на неговата употреба на јавните патишта во Република Македонија.

Во четвртото поглавје се дадени основните својства и услови на процесите при експлоатација на тракторите во јавниот сообраќај. Објаснети се основните својства на почвата, поделбата и карактеристиките на јавните патишта по кои се движат тракторите кои како самоодни погонски машини се движат по разни патишта и во разни услови на експлоатација.

Во петтото поглавје е прикажана динамиката на појава на несреќи со трактори во јавниот сообраќај, како и анализа на местото каде што се појавуваат несреќите при нивната експлоатација, поделени по градови, населени места и надвор од нив, како и поделбата и бројот на несреќите во земјоделските региони.

Во шестото поглавје е направена анализа на временскиот распоред на сообраќајните несреќи со трактори по месеци во годината, денови во неделата, како и часови во текот на едно денонокие.

Во седмото поглавје се објаснети причините за сообраќајните несреќи со трактори. Опфатени се сообраќајните несреќи и несреќите при работа со трактор во поледелски услови. Анализирани се причините: непочитување на сообраќајни знаци и прописи, лоша психофизичка состојба и недоволно искуство, невнимание и грешки на пешаци, патници и техничка неисправост на возилата.

Во деветтото поглавје се прикажани последиците од сообраќајните несреќи при експлоатација на тракторите. Направена е анализа на бројот на загинати лица, лица со тешки и лесни телесни повреди. Утврдена е нивната старосна структура, како и во кое својството се наоѓале во моментот на несреќата (ракувач на трактор, возач на моторно возило, патник, пешак и сл.)

Во десеттото поглавје е направена анализа на бројот на населението и бројот на тракторите врз појавата на сообраќајни несреќи и несреќи при работа со трактор во поледелски услови.

На крајот од ракописот се дадени предлог-мерки за зголемување на безбедноста и намалување на бројот на несреќи при експлоатација на тракторите. Дадени се повеќе законски, технички и организциски мерки кои ќе имаат директно влијание на подобрување на безбедноста и намалување на бројот на сообраќајни несреќи, а со тоа и на бројот на загинати и повредени лица при експлоатација на тракторите на јавните патишта и во земјоделското производство.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од напред изнесеното, рецензентите проф. д-р Ристо Кукутанов и доц. д-р Сашко Димитров констатираа дека ракописот за учебникот „**Безбедност во сообраќајот при експлоатација на тракторите**", пријавен од авторот д-р Зоран Димитровски, е напишан според наставна програма за студентите од студиската програма Транспорт, организација и логистика и Производно машинство на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и ќе биде од голема корист како за студентите за совладување на наставните содржини од предметите, така и за пошироката јавност.

Врз основа на напред изнесеното, рецензентите му предлагаат на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип да го прифати рецензираниот ракопис за учебникот **„Безбедност во сообраќајот при експлоатација на тракторите"** од авторот д-р Зоран Димитровски и истиот да го одобри за користење како учебник, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев"–Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Ристо Кукутанов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Сашко Димитров, доцент, с.р.**